Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по англиски јазик за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

VII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

# 1 ВОВЕД

Предметот англиски јазик, како прв странски јазик е застапен во наставниот план за деветтгодишно основно обрзование на ученици со оштетен вид во сите три развојни периоди на деветтгодишното основно образование почнувајќи од прво одделение па се до крајот на деветтото одделение.
Застапеноста на предметот во наставниот план за деветтгодишното основно образование се должи на современите тенденции во образовните системи на повеќето земји од Европската унија, каде што на изучувањето на првиот странски јазик му е посветено посебно внимание, имено со изучувањето на истиот се започнува од најмалата возраст на учениците т.е. од првата година на задолжителното основно образование.
Современата настава по странски јазици за учениците од 6 до 14 години ја определуваат широко сфатената цел за усмени и писмени комуникациски компетенции на странскиот јазик проширени со читачки, социокултурни и интеркултурни компетенции. Наставата е усмерена на ученикот како субјект на наставниот процес, неговиот когнитивен-афективно-социален развој односно на развојот на неговата самосталност во учењето и стекнување на стратегии на учење како основа за доживотно учење.

Предметот англиски јазик во седмо одделение се изучува со 2 (два) часа неделно, односно 72 часови годишно и истиот има статус на задолжителен предмет.
Појдовни основи за изготвувањето на наставната програми за VII (седмо) одделение во основното деветтгодишно образование се:

- Програмскиот документ *Концепција за деветтгодишно основно образование* ( содржини и организација на воспитно-образовната дејност) од 2007 година и
- *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* ( теориските основи и целите на современата настава по странските јазици и нивоата на компетенции за комуникативна употреба на странскиот јазик).[1]

[1] Како ориентација во однос на нивоата на јазчни компетенции кои учениците би требало да ги постигнат на крајот на поедини воспитно-образовни периоди на основното образование се земени во предвид насоките од *Заедничката европска референтна рамка за јазиците,* кои разликуваат вкупно шест нивоа на комуникативно користење на странскиот јазик: Во подрачјето на елементарно ниво тоа се нивоата А1 (подготвително ниво/Breakthrough) и А2 (темелно ниво/Way stage), во подрачјето на самостојно користење на јазикот нивоата Б1 (преодно ниво/Threshold) и Б2 (самост ојно ниво/Vantage) и во подрачјето на компетентно користење на јазикот ниво Ц1 (напредно ниво/Effective Operational Proficiency) и Ц2 (највисоко ниво/Mastery).
Во условите на учење на англискиот јазик во Република Македонија учениците после првите три години на учење на англиски јазик (од 1-3 одделение) можат делумно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво), после следните три години на учење на англискиот јазик (4-6 одделение) можат целосно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво) и можат делумно да го постигнат нивото А2 (темелно ниво), а после 9 години на учење(по завршувањето на IX.одделение) можат целосно да го постигнат нивото А2 (темелно ниво) . Постигнувањето на компетенциите согласно наведените нивоа ќе бидат прикажани преку очекуваните резултати во програмата за деветтто одделение.

## 2. ОПШТИ ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД (VII-IX ОДДЕЛЕНИЕ)

- да се стекнат со одреден фонд на лексички единици за рецептивно и продуктивно служење со јазикот, согласно развојниот период на учениците;
- да се развиваат способностите за слушање и глобално и селективно разбирање на текстови со позната и помалку позната тематика;
- да се развиваат способностите за усно изразување, во согласност со возраста (развојниот период) на учениците;
- да стекнуваат одреден лингвистички и социолонгвисички фонд на знаења и способности што ќе им овозможат да го користат во најразлични комуникативни ситуации;
- да се оспособат учениците да читаат куси текстови за идентификување конкретни и глобални информации;
- да се оспособат да пишуваат куси едноставни искази и текстови (состави) со правилна употреба на интерпункциските знаци;
- да се воведат во некои елементи од културата на земјите чиј јазик се изучува и воопшто во други култури, во согласност со нивната возраст (развојниот период)

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ:

Ученикот/ученичката:

- да се оспособи слухово и визуелно( слабовиди ученици) да препознава нови зборови и куси искази и да го разбере нивното значење;
- да може да репродуцира и продуцира зборови и едноставни јазични искази;
- да се оспособи да чита куси текстови за идентификување конкретни и глобални информации (видно или брајово писмо);
- да се оспособи да пишува едноставни јазични искази и куси текстови со правилна употреба на интерпункциските знаци (видно или брајово писмо);
- да може да води едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на возраста на учениците;
- да се здобијата со знаења за други култури

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ[2] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| - да го разбере значењето на лексичките единици, да ги репродуцира и да ги употребува во соодветни говорни ситуации. | Младите и нивното модерно секојдневие | I want to become a film star but my dad doesn't like the idea.<br>We spend a lot of time playing computer games. | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, вежби од типот на разговор околу најчестите проблеми кои ги засегаат младите, како што се проблемите во училиштето, домот, како и меѓу пријателите. |
| | Тинејџери и мода | I like wearing jeans and trainers | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, изведување истражувачка работа (интернет, списанија, и сл.), што најмногу сакаат да носат тинејџерите, водење разговор на дадена тема, и сл. |
| | Моите омилени видови музика и ТВ програми | Tom likes pop music.<br>My favourite type of music is jazz.<br>Sarah likes TV serials.<br>He likes sports programmes. | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки и репродуцирање на слушнатото, дискусија на тема *"What's your favourite type of programme?"*, *"What type of music do you like?"* , и др. |
| | Загрозени видови животни | The panda lives in China.<br>Some people kill dolphins just for sport. | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, прибирање податоци од ( интернет, списанија, и сл) кои се загрозените видови и како може да им се |

[2] При обработка на новиот лексички материјал не треба да се воведуваат повеќе од 2-3 нови лексички единици по наставен час. Лексичкиот материјал сукцесивно се проширува и се повторува.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | помогне, обработка на брошури со соодветна тематика и сл. |
| | Училишен распуст | It is summer. They are making a sand castle on the beach.<br>It is winter. We are making a snowman.<br>Have a nice holiday! | Активности од типот на говорни вежби *“Which is your favourite holiday and why?”*, дискусија на тема распуст, игри од типот *Quiz*, *Vocabulary squares*, *Guessing game* и др. |
| | Патување, разгледување, купување | I visited Scotland last summer. There are lots of castles there.<br>I bought some souvenirs, like traditional tartan items and traditional Scottish biscuits. | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки и репродуцирање на слушнатото, вежба од типот на симулација *Shopping role-play*, игри од типот *A very long sentence*, *Hangman* и др. |
| | Празници | Happy New Year! Merry Christmas! Happy Easter! Happy Halloween! Happy Valentine’s Day!.... | Активности од типот симулирање на говорна ситуација на тема празници, изработка на честитки за одредени празници, изработка на маски, симулација на претстава по повод одреден празник, пишување на едноставни поеми *Simple poems*, учење песнички *JingleBbells*, *Carnival Song, Fancy Dress Party,* римувалки, и сл. |

| Компонента 2. ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ[3] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| - да ја препознава,разбира и употребува формата на глаголот *to be* во минато време (Past Simple Tense) во потврдна , прашална и негативна форма | *To be* глаголот во минато време во потврдна, прашална и негативна форма | They were at the cinema last night.<br>Were they at the cinema last night?<br>They weren`t at the cinema last night. | Активностите и методите кои ги сугерираме можат да се применат во сите наведени содржини во граматиката согласно барањата за изучување на граматичките структури. Активности кои се сугерираат за реализација на содржините од граматиката се следните:<br><br>- слушање на исказ од наставникот и невербално реагирање на истиот (мимика, гестикулација, TPR); (слабовиди)<br>- вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање;<br>- вежби со користење на илустрации, флеш карти и постери (слабовиди) и рељефни цртежи (слепи) ;<br>- користење на реалија како средство за реализација на одредени содржини од граматиката;<br>- играње по улоги и симулации на дадени ситуации, и сл.<br>-активност од типот Grammar Chants<br>-активности од типот пополнување на празни места во реченицата (видно или брајово писмо) |

[3] Граматичките структури никогаш не се толкуваат експлицитно, туку нив учениците ги усвојуваат глобално во предложени јазични структури.

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да може правилно да ги употребува прилозите за минато време (Past Simple Tense) | Прилози за време yesterday, last( month, week…) ago | Peter was at a concert yesterday.<br>Sara was in London last month.<br>They were at the zoo a year ago. | |
| - да може да ги разбере и правилно применува noun substitutes one/ones | Noun substitutes one/ones | I don`t like this red skirt.<br>Do you have a blue one?<br>These jeans are expensive.<br>Are there any cheaper ones? | |
| - да може правилно да ја употребува фомата на модалниот глагол must за искажување на обврска | Глаголот must (потврдна форма) | This is horrible.<br>You must eat. It is healthy. | |
| - да може правилно да ја употребува формата на модалниот глагол mustn't за давање на забрана | Глаголот mustn't (негативна форма) | You mustn't touch that! | |
| - да може правилно да ги употребува формите на модалниот глагол should/shouldn't за давање совети | Модален глагол should/shouldn't | You should listen to your parents.<br>You shouldn't drink cold water! | |
| - да може да ги разбира и правилно применува изразите за количество (quantifiers) | Изрази за количество | Some, any, much, little, many, a few, a lot of | |
| - да може правилно да ја разбере и применува формата за степенување на едносложните придавки ( er-est); | Компарација на едносложни придавки | Higher than,<br>the highest;<br>Bigger than, the biggest. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да може да ја препознава и правилно употребува безличната форма во еднина и множина во минато време | Безлична форма во минато време(еднина и множина) | There was a library in their town.<br>There were a lot of shops on that street. | |
| - да може да ја препознава формата на *Past Simle Tense (потврдна форма )* кај правилните глаголи | *Past Simle Tense* правилни глаголи | played; worked….. | |
| - да може да ја препознава прашалната и негативната форма на *Past Simle Tense* кај правилните глаголи | Прашална и негативна форма на *Past Simle Tense* кај правилните глаголи | Did you play football?<br>I didn't watch that movie. | |
| - да може правилно да ја разбере и применува употребата на прилозите за начин | Прилози за начин | difficult,easy,hard | |

| Компонента 3. ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| - да може да води едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции на ова ниво на изучување на јазикот, односно блиски на неговата возраст | Искажување мислење за омилена музика и ТВ програми. | Rap is my favourite kind of music.<br>I never watch horror films. | Активности од типот:<br>- игри во двојки (водење дијалог);<br>- работа во групи;<br>- вежби од типот вербално искажување по дадени слики и постери (слабовиди) и рељефни цртежи (слепи) ;<br>- вежби со користење мимики, пантоними и драматизации (слабовиди);<br>- разни игри од типот *just a minute, taboo, pictionary, tic-tac-toe, domino, chain games, guessing games, memory games etc.*<br>- Вежби од типот *describe and draw, pyramid discussions, surveys, general knowledge questions.* |
| | Искажување минати дејствија | He played football with his friends last Sunday. | |
| | Распрашување за минати дејствија | Were you at home last night?<br>Did you do your homework yesterday? | |
| | Давање совет | I always feel tired in the morning.<br>You should go to bed earlier. | |
| | Именување на училишните предмети во седмо одделение | Biology is my favourite subject.<br>We have Biology twice a week.<br>We learn about plants and animals. | |
| | Искажување количество | There are few apples on the table.<br>There is a little Fanta in the bottle | |
| | Искажување наредби и забрани | You must have a passport to travel to another country.<br>You must stop at a stop sign. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Споредување лица и предмети | My brother is older than me.<br>Maths is easier than English.<br>Skopje is the biggest city in Macedonia. | |
| | Искажување чувства | I am very sad today.<br>She is very happy. | |
| | Изненадување, воодушевување | Oh, I didn`t know that!<br>Oh, what a nice party!<br>You look wonderful today. | |
| | Искажување молба | Could you help me with my homework, please?<br>Can you repeat that, please? | |

| Компонента 4. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката: | | | |
| - да може да го разбере значењето на лексичките единици предвидени за изучување на оваа возраст | Лексичка единица | fashion, jeans, trainers,<br>jazz, classical, quiz shows<br>panda, tiger, dolphin<br>souvenirs, souvenir shops<br>Christmas, New Year, Halloween, Valentine's Day | Невербално реагирање на говорен поттик, слики, постери, флеш карти (слабовиди) и вербално реагирање (слепи) ; игри од типот *Information gap, hangman, words from words, Guess the words* (видно и брајово писмо) *;* песни (пр. *We Wish You a Merry Christmas, Jingle Bells)*; римувалки и сл. |
| - да може да разбере едноставни куси искази | Едноставни куси искази | Mary spends a lot of time playing computer games.<br>Tom likes wearing jeans and trainers.<br>He never misses quiz shows on TV.<br>Koalas live in Australia.<br>Have a nice holiday! | Вежби од типот на соодветно реагирање на слушнати искази (од аудиозапис или од наставникот, на пр.: движење на телото, мимика); невербално реагирање на инструкција/ исказ од наставникот и сл. (слабовиди) и вербално реагирање (слепи) |
| - глобално и селективно да може да разбере текстови со позната тематика | Куси текстови | My favourite TV programme is "The Simpsons". It's a cartoon comedy series about an American family called the Simpsons. I like it because it's funny and it makes me laugh. … | Активности од типот на заокружување на конкретни информации (повеќечлен избор) и сл. (видно и брајово писмо) |

| Компонента 5. ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| -правилно да ги изговара и соодветно да ги применува лексичките единици во едноставни куси искази предвидени за ова ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури. | Омилен филм | What is your favourite film?<br>My favourite film is 'Titanic".<br>Why do you like it?<br>I like it because it is a love story of two young people... | Активности од типот на вербално репродуцирање и продуцирање на посложени исказни реченици преку: играње по улоги ( по можност проследено со движења) , учество во посложени дијалошки ситуации, драмски изведби и опишување на дадени ситуации, раскажување приказни како потврда за усвоеност на лексиката и структурите. |
| | Омилена музика | My favourite singer is Jeniffer Lopez. She's a great singer and an actress, too. She' got a lot of hit songs and one of my favourite is… | |
| | Празници (училишни, национални, верски) | I spent my winter holiday in Mavrovo. There was a lot of snow. I was with my friends from school. | |
| | Патување, разгледување, купување, | This summer we were in Struga.We visited a lot of interesting places.We were at .... | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Необични домови | What type of a house would you like to live in?<br><br>I would like to live in the house of future.There are a lot of rooms: three living-rooms, seven bedrooms, four bathrooms,etc. | |

| **Компонента 6. ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |

Ученикот/ученичката:

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да може да чита и разбира информации по дадена мапа | Читање мапи | The bank is on the left.<br>The zoo is next to the park. | Активност од типот на прашања и одговори (работа во двојки), Guessing Game, пополнување на празни места и сл. (видно или брајово писмо) |
| - да чита за идентификување конкретни информации во даден текст. | Конкретни информации во даден текст | Jenniffer Lopez is a pop singer and an actress. She had a concert last night and sang all her hit songs. There were 15.000,00 people at the concert. The concert lasted three hours............ | Активности од типот на читање текстови од списнија и сл за идентификување на конкретни активности (вежби од типот на повеќечлен избор, T/F вежби и др.) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да чита за глобално разбирање на едноставни куси текстови | Куси текстови | ............................ | Вежби од типот на читање за глобално разбирање преку активности од типот на повеќечлен избор, T/F вежби, Guessing game и сл. (видно или брајово писмо) |

| Компонента 7. ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| – правилно да пишува усно и визуелно усвоени зборови;<br><br>- писмено да одговара на прашања за прочитан текст<br><br>- да пополнува формулари со лични податоци<br><br>- да пишува куси искази (состави) заради барање или пренесување лични | Правилно пишување на зборови и реченици по диктат<br><br>Прашања и одговори<br><br>Пишување лични податоци<br><br>Куси состави ( кратка порака,честитка, покана, писмо, кус | I like Biology very much. I learn about animals and plants.<br><br>……………………………..<br><br>…………………………….<br><br>Dear Sara,<br>I wish you a very Merry Christmas and Happy New Year | Вежби од типот на дополнување на зборови со испуштени букви (игра од типот *Хангман*); вежби со пишување на своето име; игра од типот составување на едноставни зборови од дадени букви со измешан редослед; пишување на зборови по дадени слики, и сл. ; пополнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатства за пишување куси реченици; пополнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| информации, чувства и милења. | опис и сл.) | … | за пишување куси реченици; пишување реченици и многу куси текстови според звучен модел – диктат; ставање зборови во правилен ред во една реченица и сл. Пишување честитки, пораки на разгледници, е-меил пораки; пополнување формулари со лични податоци; самостојно и заедничко осмислување на текстови за слики и изработка на одделенски весник или постер; самостојна изработка на тематски постери и др. (видно или брајово писмо) |

**Компонента 7. Култура**

Содржините од Култура се застапени во сите компоненти во изучувањето на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.

Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики и сличности како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, модели на културно однесување, обраќање, честитање празници, активности во врска со празниците, имиња на врсниците во англиските говорни подрачја, некои типични презимиња, имиња на улици и плоштади, распоред на дневните и седмичните активности, слободно време, пазарење, храна, песни, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.), Учениците се запознаваат со делови од историјата на земјите од англиското говорно подрачје, големите градови и нивните културни знаменитости. Мали прослави за одбележување на Денот на благодарноста (Thanksgiving), Божик, Априлијада, Велигден и сл.

Целта е да се стекнат интеркултурни компетенции за однесување имајќи ги во предвид културните разлики; создавање чувство за воочување на културните разлики низ учењето и воспитувањето и социјализација на содржините како основа за развивање почит кон другите луѓе и различните работи. Во пристапот на наставните содржини и теми, како и културолошките, воспитните и социолошките, треба да се води сметка за однеувањето во различни култури, обработка на содржини коишто овозможуваат споредба и социјализиација на македонската култура со другите култури.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Планирањето и реализацијата на наставата за учениците со оштетен вид се одвива како и за останатите ученици, но при реализација се применуваат специфични нагледни средства и помагала,како и реализација на вежбовни активности (вежби за видот, перипатологија-вежби за ориентација и движење, употреба на тифлотехника, усвојување на секојдневни социјални вештини). Учениците со оштетен вид го запознаваат и откриваат светот, комуницираат и учат, користејки ги останатите сетила. Тие го користат остатокот на вид (доколку постои), но за нив најважни се тактилната перцепција, слухот и добриот говорен модел. Затоа при работа со овие ученици најголем акцент треба дас се стави на аудитивниот пристап кон наставата.

Учениците со оштетен вид кај кои интелектуалните способности се на завидно ниво, без никаков проблем може да ја следаат наставната програма по англиски јазик за седмо одделение, она на што наставникот треба да обрне внимание е да ги користи специфичните наставни средства и помагала наменети за лицата со оштетен вид како што се рељефни цртежи и карти (географски), брајовите машини, телевизиските и рачни оптички лупи за слабовиди и сл. Истиот треба да биде креативен во својата работа преку што успешно и соодветно би му ја пренел наставната материја на ученикот со оштетен вид. За учениците кај кои покрај оштетениот вид има и некој друг проблем, поради кој ученикот не може во целост да ја совлада наставната материја, наставникот треба да примени индивидуален пристап, диференцирање на целите и задачите во наставната програма, дозирање на содржините  како истите би соодветствувале на потребите и можностите на ученикот.

- НАПОМЕНА ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во планирањето на наставата за седмо одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во седмо  одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик.

Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини. Сепак, наставниот кадар треба самостојно да го планира часовниот фонд за целосно и успешно реализирање на поставените цели од програмата.

Составот на учениците во паралелките во посебните училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта е изразито хетероген заради што наставникот треба да практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на реализацијата на наставата. Ваквиот приод е во функција на индивидуалните специфични потреби што секако ќе резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и максимални академски постигнувања на учениците со оштетен вид.

Во контекст на ова наставниците кои ја реализираат наставата треба да;

- да се обидат при изготвувањето на планирањето да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка (доколку индивидуалните карактеристики, можности и способности на учениците во паралелката го дозволува тоа)

- За учениците чиј степен и попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности , наставникот треба да планира парцијална партиципација во рамките на целите, содржините и активностите кои се реализираат во паралелката.

- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување на интерен индивидуален образовен план во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на ИОП наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во ИОП користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините како и целта на нивното повторно обработување.

*Наставни средства:*

- комплет од одобрен учебнички систем;
- пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти, постери и др.);
- касетофони/касети со песни; компјутер со соодветен софтвер; ЦД-РОМ, ТВ со ДВД;
- други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- Интернет пристап, образовни софтвери;
- списанија за наставникот.
- релјефни цртежи и карти (географски);
- брајова машина
- телевизиски колор лупи за слабовиди
- рачни оптички лупи
- “Swell touch“ машини за печатење

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

Битно е поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.

Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Ученикот треба да биде вреднуван со 6 оценки во текот на учебната година (3 оценки во првото и 3 во второто полугодие). Во секое полугодие, 1 оценка од вкупно 3 ќе се базира на тест, а другите 2 ќе се базираат на усни, комуникативни проверки. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште во почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од писмените работи/тестови, оценките од усното искажување/активност на час, изработка домашни задачи. Со цел на родителите да им се овозможи увид во напредувањето на нивните деца и во нивниот процес на учење пожелно е да се воведе *Европскто јазично портфолио* кое допринесува учениците да ја развијат свеста како учесници во наставниот процес. Портфолиото ги води кон сфаќањето на учењето како процес на стекнување на знаења и вештини во кој активно учествуваат . Притоа ги поттикнува на размислување за успешните стратегии на учење, за проценка на постигнатите знаења и вештини како и за индивидуалните желби и планови за напредување и учење на странскиот јазик.

На крајот на седмото одделение учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка.
Последиците за ученикот во случај на неуспех ќе бидат во согласност со општата регулатива за основното образование во Република Македонија.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за седмо одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за седмо одделение.

Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата U, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, VII [1] со дополнителна дефектолошка дообразба.
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII [1] со дополнителна дефектолошка дообразба.
- Завршени двопредметни студии по македонски и англиски јазик, VII [1] со дополнителна дефектолошка дообразба.
- Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1] со дополнителна дефектолошка дообразба.

## 9. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2014 година

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по англиски јазик за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14373/1 од 10.09.2014 година
Скопје

Министер

______________________________
Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Зора Бушовска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор